Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа
Бр. 08-4153/1
12.05 2021 год.
ОХРИД

**ОПШТИНА ОХРИД**

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики, како и врз основа на Статутот на општина Охрид член 74 став 9, Локалното собрание на млади на општина Охрид на седницата оддржана на ден 12.05.2021 година го донесе следниот:

## ДЕЛОВНИК

## ЗА РАБОТА НА ЛОКАЛНОТО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ОХРИД

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

За остварување на јавните потреби и јавниот интерес на младите луѓе на територијата на општина Охрид, согласно Законот за младинско учество и младински политики објавен во Службен весник на РМ бр. 10 од 16.01.2020 година и Статутот на општина Охрид член 74 се наметнува потреба од конституирање на Локално младинско собрание на општина Охрид.

Член 2

Локалното младинско собрание го сочинуваат: младински организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои се активни на територијата на општина Охрид.

Член 3

Право да членуваат во Локалното собрание на млади имаат формите на младинско здружување наведени во член 2 кои се активни на територијата на општина Охрид и кои ги исполнуваат следните критериуми:

- Да имаат активности на територијата на општина Охрид;
- Да се основани и активни најмалку една година пред објавувањето на јавниот повик;
- Делегатот и заменик делегатот кои ќе бидат номинирани треба да се: жители на општина Охрид и да бидат на возраст од 15-29 години;
- Мандатот на членовите на собранието на млади вклучително и на претседавачот и секретарот трае две години со право на уште еден избор;

### КОНСТИТУТИРАЊЕ НА ЛОКАЛНОТО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ

Член 4

За конституирање на локалното собрание за млади се самкува иницијативен одбор, составен членови кои ги исполнуваат условите да членуваат во собранието на млади.
Иницијативниот одбор со решение го формира Претседателот на Советот на општина Охрид.

Scanned with CamScanner

Иницијативниот одбор е составен од пет члена и тоа: по еден член од подмладоците на најголемите политички партии партии на власт и опозиција застапени во Советот на општина Охрид и три члена од локалните младински организации.

Членовите од локалните младински организации се избираат по претходно објавен јавен оглас од страна на претседателот на Советот на општина Охрид кој трае не повеќе од 10 дена сметано од денот на објавувањето.

Иницијативниот одбор се формира само за одржување на конститутивната седница на локалното собрание на млади. Со конститутивното собрание претседава најстариот член на иницијативниот одбор кој доаѓа од редот на младинските организации.

Иницијативниот одбор го распишува повикот за конститутивното локално собрание на млади во кој јасно е наведен датумот, местото и часот на одржување на првата конститутивна седница на Собранието на млади кој трае 10 дена сметано од денот на објавувањето.

Административно пријавите ги обработува Одделението за млади и невладини организации на општина Охрид.

Член 5

Констититувната седница започнува со утрдување на дневниот ред за работа.

ЛСМ од своите редови избира записничар кој ќе го води записникот на собранието. Записниците од претходната седница се усвојуваат на наредната седница на ЛСМ.

Од пријавените кандидати за делегати на ЛСМ на општина Охрид се избира трочлена верификациона комисија која има задача да ги провери пристигнатите пријави и да му предложи на ЛСМ на општина Охрид да донесе одлука за верификација на мандатите на членовите на ЛСМ на општина Охрид.

Доколку се утврди дека определена организација ги прекршила условите наведени во јавниот повик таа организација нема да биде верификувана и ќе и биде одземено правото да членува во локалното собрание на млади на општина Охрид.

Од своите редови ЛСМ на општина Охрид избира изборна комисија составена од три члена која има задача да го спроведе процесот на избор на Претседавач и Секретар на ЛСМ на општина Охрид.

Изборот на претседавач и секретар на ЛСМ се врши со непосредни и тајни избори на кои право на глас имаат сите членови на Локалното младинско собрание на општина Охрид.

Со изборот на Претседавач и Секретар завршува постапката за конституирање на Локалното собрание на млади на општина Охрид и тоа може да работи во полн капацитет.

## ПРЕТСЕДАВАЧ НА ЛСМ НА ОПШТИНА ОХРИД

Член 6

Секој член на Собранието на млади може да биде кандидиран за претседавач доколку е предложен и поддржан од најмалку 3 членови на собранието на млади.

За избран претседавач на ЛСМ на општина Охрид се смета оној кандидат кој освоил мнозинство гласови од присутните делегати на Локалното сорание на млади на општина Охрид.

Претседавачот на ЛСМ на општина Охрид ги има следните надлежности:

- Го претставува и застапува Локалното собрание на млади на општина Охрид;
- Ги закажува и води седниците на ЛСМ на општина Охрид;
- Го претставува ЛСМ пред Советот и Градоначалникот на општина Охрид како и пред други институции и организации;
- Потпишува акти донесени од страна на ЛСМ на општина Охрид;
- Врши други работи согласно Статут на општина Охрид и овој деловник за работа;

Постапка за разрешување на Претседавачот на ЛСМ на општина Охрид може да отпочнат 2/3 од делегатите во Локалното собрание на млади на општина Охрид откако претходно во писмена форма со образложение за причината за промената ќе ги достават потписите до Претседавачот кој е должен веднаш да закаже седница на ЛСМ. Доколку одбие тоа да го стори делегатите самостојно ќе се состанат во рок од 7 дена од денот на поднесување на барањето до

Scanned with CamScanner

претседавачот. Доколку седницата е самостојно закажана со неа претседава секретарот доколку е присутен или најстариот член од делегатите иницијатори на седницата.

## СЕКРЕТАР НА ЛСМ НА ОПШТИНА ОХРИД

### Член 7

Секој член на Собранието на млади може да биде кандидиран за секретар доколку е предложен и поддржан од најмалку 3 членови на собранието на млади.

За секретар на ЛСМ на општина Охрид се смета оној кандидат кој освоил мнозинство гласови од присутните делегати на Локалното собрание на млади на општина Охрид.

Секретарот на ЛСМ на општина Охрид ги има следните надлежности:

- Му помага во работата на Претседавачот на ЛСМ на општина Охрид;
- Ги води седниците на ЛСМ на општина Охрид во случај кога Претседавачот не е во можност да биде присутен;
- Ги известува членовите на ЛСМ на општина Охрид за битни прашања од работата на ЛСМ на општина Охрид во периодот помеѓу две седници;
- Води записник од седниците на ЛСМ на општина Охрид;
- Врши други работи согласно Статут на општина Охрид и овој деловник за работа како и задачи доверени од страна на Претседавачот;

Постапка за разрешување на Секретарот на ЛСМ на општина Охрид може да отпочнат 2/3 од делегатите во Локалното собрание на млади на општина Охрид откако претходно во писмена форма со образложение за причината за промената ќе ги достават потписите до Претседавачот кој е должен веднаш да закаже седница на ЛСМ. Доколку одбие тоа да го стори делегатите самостојно ќе се состанат во рок од 7 дена од денот на поднесување на барањето до претседавачот. Доколку седницата е самостојно закажана со неа претседава најстариот член од делегатите иницијатори на седницата.

## НАДЛЕЖНОСТИ НА ЛСМ НА ОПШТИНА ОХРИД

### Член 8

Локалното собрание на млади на општина Охрид објавува јавен повик за членови на локалниот младински совет;

Јавниот повик се објавува на веб страната на општина Охрид и во локалните медиуми и трае 10 дена сметано од денот на објавувањето;

Секој кандидат за член на локалниот младински совет на општина Охрид има право да ја образложи својата апликација пред членовите на ЛСМ на општина Охрид на седницата предвидена за избор на членови на Локалниот младински совет на општина Охрид.

Собранието на млади избира членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади;

Секој делегат во Локалното собрание на млади на општина Охрид гласа вкупно за 7 кандидати за членови на локалниот младински совет од кои 4 машки и 3 женски лица. Се гласа на две посебни гласачки ливчиња, на едното се машките кандидати за членови на Советот а на другото се женските. Доколку на гласачкото ливче е гласано за помалку или повеќе кандидати, истото ќе се смета за неважечко.

За избрани членови на локалниот младински совет се сметаат оние членови кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејќи сметка за застапеноста на помалку застапениот пол.

Претседавачот е должен да ја потпише одлуката за избор на членовите на Локалниот совет на млади на општина Охрид која ќе биде пратена на верификација до Советот на општина Охрид.

На конститутивната седница собранието на млади носи одлука за формирање на комисија која до следната седница на Собранието на млади на општина Охрид треба да подготви деловник за работа на Собранието на млади, кој Собранието има обврска да го донесе на својата наредна седница;

Scanned with CamScanner

## ПОСТАПКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА ЛСМ НА ОПШТИНА ОХРИД

Член 9

Членството во Локалното собрание на млади на делегатите престанува на следниве начини:

А) на лично барање на делегатот ( со поднесување на лична изјава дека повеќе нема да биде дел од ЛСМ на општина Охрид) ;

Б) разрешување поради неактивност (делегатот трипати неоправдано отсуствува од седниците на Собранието на млади);

В) избор на нова позиција неспоива со членство во локалното собрание на млади (доколку член на ЛСМ на општина Охрид, Претседавач или Секретар биде избран за член на Локалниот младински совет мандатот му престанува по верификацијата на одлуката од страна на Советот на општина Охрид);

Г) разрешување на ЛСМ по барање на општина Охрид ( ЛСМ поради неактивност и непридржување на утврдените правила и норми за однесување може да биде разрешен од страна на Советот на општина Охрид на барање на Одделението за млади и невладини организации во кое во детали се наведени причините за таквото барање. По ваквата одлука на Советот на општина Охрид автоматски прекинуваат мандатите и на Собранието и на Советот на млади на општина Охрид, по што ќе се отпочне нова постапка за избор на членови на собранието на млади и локалниот совет на млади на општина Охрид.

Во случај да престане мадатот на член на ЛСМ на општина Охрид по било кој основ, формата на младинско здружување има право да поднесе нов предлог кој ќе биде верификуван на првата наредна седница на ЛСМ на општина Охрид.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

Постапка за измена и дополнување на овој деловник може да отпочне секој член на Локалното собрание на млади на општина Охрид или вработен во Одделението за млади и невладини организации на општина Охрид.

Член 11

Овој деловник стапува во сила со денот на неговото донесување од страна на Локалното собрание на млади на општина Охрид.

Охрид,
12.05.2021

**Локално собрание на млади**
**Претседател:**
**Георги Ставрески**

Scanned with CamScanner